Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект мотел ресторан Ваго со седиште на Бул. Гоце Делчев бр. 56 Штип, ги исполнува условите за мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

Образложение

ВАГО ПЕТРОЛ ДОО с. Крупиште, Карбинци со седиште на ул. Нас. место без уличен систем Крупиште, Карбинци, поднесе барање бр.УП1-13-1060 од 31.12.2020 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект мотел ресторан Ваго, Штип, за мотел од четврта категорија со две ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти,постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП1-13-1060 од 9.3.2021 година констатира дека истиот ги исполнува условите за мотел од четврта категорија со две ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 40-4569/1
27 април 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА
Зоран Заев